Бр./Nr 12-1198/2
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 6-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1198/1 од 21.03.2024 година, против Општина ------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со 12-1198/1 од 21.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 19.03.2024 година, поднесена е пријава против Општина ------ и оформен е предмет број 12-1198/1 од 20.03.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека во населба ------ се извршувала реконструкција на фудбалско игралиште на непрофесионален и неквалитетен начин.
По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените наводи, односно дејствија не претставуваат корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, од причина што од подносителот на

пријавата се бара вршење на стручно - технички надзор при изградба и реконструкција на спортски објекти.

Врз основа на наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата